ADING

# ОПЛАТИН-ВК

*Универзално емулгирано оплатно масло*

## Област на примена:

За заштита и одвојување на оплатата од бетонот, при изведба на бетонски работи. Се користи за челични, пластични и импрегнирани дрвени оплати, кај сите бетонски конструкции, а посебно кај оние изработени во натур бетон. Може да се користи и при изработка на префабрикувани бетонски елементи, произведени со запарување. Пред употреба материјалот се подготвува со вода.

## Својства:

- овозможува лесно одвојување на оплатата од бетонот;
- не остава дамки на бетонската површина;
- подобар изглед на бетонската површина;
- мала потрошувачка, економичност;
- не ослободува непријатни миризби;
- едноставен за рачно и машинско нанесување;
- еколошки производ, без содржина на штетни испарливи компоненти;
- незапалив

## Технички карактеристики:

| **Својства:** | **Декларирана вредност:** |
|---|---|
| Изглед: | жолта течност |
| Густина: | 0,85 - 0,9 g/cm$^3$ |

## Методологија на изведба:

**Подготовка на подлогата**
Површината на оплатата да е сува, чиста и обеспрашена. Амбиенталната температура при нанесување треба да биде од 0°C-35°C.

**Вградување**
Пред употреба Оплатин ВК се подготвува со вода во однос 1:1, по што се меша до потполно воедначување (хомогенизирање) на материјалот.
Нанесувањето може да биде рачно, со четка и ваљак или машински, со распрскување на оплатното масло по површината на оплатата, во воедначен слој. По нанесувањето, Оплатин ВК треба да се остави 10-20min, до целосно обезбојување. Во зависност од температурата на воздухот и подлогата, овој временски период може да има одстапувања. Доколку нанесената заштита остане обоена во текот на бетонирањето или пак е нанесена во подебели слоеви, може да предизвика флекање на бетонската површина или невоедначеност на изгледот. Бетонирањето треба да се изведе во период до 48h по нанесувањето на Оплатин ВК.

## Потрошувачка:

0,015-0,03 kg/m$^2$

## Чистење:

Пумпата, алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Пластични канти од: 18kg
Во буриња од: 180kg

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од минимум 5°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба: 6 месеци.

ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

Опасност по здравјето: Производот не содржи токсични материи. Да се избегнува контакт на производот со кожата. При ненадеен контакт, производот веднаш да се измие со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е веднаш да се побара медицинска помош.
Пожар: Оплатин-ВК е незапалива течност.
Чистење и депонирање: Чистењето на остатоци од Оплатин-ВК е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се складира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk